# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА
# ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **БР. 11 ГОД.26** |

**Општина Чучер-Сандево, Октомври 2023 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува по потреба** | **петок 27.10.2023 год.** | **Бр. 11 Год. 26** |


# 77.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА III КВАРТАЛ, ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2023 ГОДИНА**

Се објавува Одлука за усвојување на Квартален извештај за III Квартал, за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2023 година**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **29**-та седница, одржана на **25.10.2023** година.

**Бр.09-1404/1**
**25.10.2023 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.’’ бр.5/02), член 32 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.’’ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.244/19, 77/21 и 150/21) и член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево’’ бр.05/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **29**-та седница одржана на ден **25.10.2023** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА III КВАРТАЛ, ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2023 ГОДИНА**

1.Се усвојува кварталниот извештај за **III** квартал, за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за период од **01.01.2023 година** до **30.09.2023** година.

2.Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за период од **01.01.2023** година до **30.09.2023** година, е составен дел на оваа Одлука.

3.Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево''.

**Бр.08-1364/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**25.10.2023 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р**

# 78.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр. 05/02) и член 44 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2023 ГОДИНА**

Се објавуваат Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2023 година**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **29**-та седница, одржана на **25.10.2023** година.

**Бр.09-1404/2** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**25.10.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р**

**https://cucersandevo.gov.mk/?page_id=1023**

# 79.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

Се објавува Одлука за изменување и дополнување на Програмата за изградба на повеќенаменски спортски игралишта на територијата на Општина Чучер-Сандево за 2023 година**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **29**-та седница, одржана на **25.10.2023** година.

**Бр.09-1404/3** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**25.10.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02,) член 73 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на РС Македонија“ број 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23) и член 23 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **29-та** седница одржана на **25.10.2023** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесуваат измени и дополнувања на Програмата за изградба на повеќенаменски спортски игралишта на територијата на Општина Чучер-Сандево, технички број 016-PR/2023 од октомври 2023 година, изработена од Друштво за градежништво, проектирање, трговија и услуги УРБАНПЛАННЕР ДООЕЛ, Гостивар.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1364/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**25.10.2023 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р**

# 80.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА МАНДАТ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ “ СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ С.КУЧЕВИШТЕ**

Се објавува Одлука за престанување на мандат и именување на претставник на Општина Чучер-Сандево во Училишниот одбор на Општинското Основно Училиште “Св.Кирил и Методиј“ с.Кучевиште**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **29-**та седница, одржана на **25.10.2023** година.

**Бр.09-1404/4** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**25.10.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 5 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 23 став (1) точка 28 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **29-та** седница одржана на **25.10.2023**година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА МАНДАТ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ “ СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ С.КУЧЕВИШТЕ**

**Член 1**

На Ненад Недељчиќ, именуван за претставник на на Општина Чучер-Сандево во Училишен одбор на Општинското Основно Училиште “Св.Кирил и Методиј“ со Одлука број 08-248/12 од 23.02.2023 година, му престанува мандатот поради три неоправдани отсуства на седници на Училишен одбор.

**Член 2**

За претставник на Општина Чучер-Сандево во Училишен одбор во Општинското Основно Училиште “Св.Кирил и Методиј“ с.Кучевиште, се именува лицето:

**1.Ивана Шегмановиќ**

**Член 3**

Мандатот на претставникот во Училишниот одбор трае 3 (три) години.

**Член 4**

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука престанува на важи Одлука за именување на претставник на општина Чучер-Сандево во Училишен одбор на Општинско Основно училиште "Св.Кирил и Методиј" с.Кучевиште, Бр. 08-248/12 од 23.02.2023 година година, објавена во ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.03/23).

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1364/6**
**25.10.2023 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р**

# 81.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр. 05/02) и член 44 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ " СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ" 2023/2024 ГОДИНА**

Се објавува Заклучок за давање на позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности за учениците од Општинското Основно Училиште "Св.Кирил и Методиј" 2023/2024 година, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **29**-та седница, одржана на **25.10.2023** година.

**Бр.091404/5**
**25.10.2023 година**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р**

Врз основа на Член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/02) а во врска со член 7 став 2 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Чучер-Сандево на **29**-та седница одржана на **25.10.2023** година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ " СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ" 2023/2024 ГОДИНА**

1.Советот на Општина Чучер-Сандево дава **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** на Програма за изведување на ученичките екскурзии и други слободни активности за учениците од Општинското основно училиште “Св.Кирил и Методиј” 2023/2024 година, Бр.03-359/1 од 11.09.2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-1364/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**25.10.2023 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р**

# 82.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М” бр. 05/02) и член 44 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ И ИЗЛЕТИ ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА НА ООУ “АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ” с.САНДЕВО**

Се објавува Заклучок за давање на позитивно мислење на Годишна Програма за организација и изведување на училишни екскурзии и излети во учебната 2023/2024 година на ООУ “Александар Урдаревски” с.Сандево, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **29**-та седница, одржана на **25.10.2023** година.

**Бр.09-1404/6** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**25.10.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.”бр.5/02) а во врска со член 7 став 2 од Правилникот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Чучер-Сандево на **29**-та седница одржана на **25.10.2023** година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ И ИЗЛЕТИ ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА НА ООУ “АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ” с.САНДЕВО**

1.Советот на Општина Чучер-Сандево дава **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** на Годишната програма за органиацција и изведување на училишните екскурзии и излети во учебната 2023/2024 година на ООУ "Александар Урдаревски" с.Сандево, бр.03-182/2 од 14.08.2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-1364/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**25.10.2023 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Петрушевска с.р**

# 83.

Врз основа на член 50 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр. 05/02) и член 44 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19) Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ" С.КУЧЕВИШТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИН**

Се објавува Заклучок за донесување на измени и дополнувања на годишната програма за работа на ООУ "Св.Кирил и Методиј" 2023/2024 година.**,** што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **29**-та седница, одржана на **25.10.2023** година.

**Бр.09-1404/7** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**25.10.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02,) член 23 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), а во врска со член 49 став (8) од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20), Советот на Општина Чучер-Сандево на **29-та** седница одржана на **25.10.2023** година, донесе

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02,) член 23 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), а во врска со член 49 став (8) од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19 и 229/20), Советот на Општина Чучер-Сандево на **29-та** седница одржана на **25.10.2023** година, донесе

## З А К Л У Ч О К
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” С.КУЧЕВИШТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Чучер-Сандево ги донесува измените и дополнувањата на Годишната програма за работа на ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Кучевиште за учебната 2023/2024 година, Бр.03-311/1 од 14.08.2023 година усвоена од Училишниот одбор на ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Кучевиште со Одлука бр.02-46/32 од 29.09.2023 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08- 1364/9**
**25.10.2023 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска с.р**

## С О Д Р Ж И Н А


**77.** ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА III КВАРТАЛ, ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2023 ГОДИНА............ стр. 1

**78.** ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2023 ГОДИНА............ стр. 2

**79.** ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО............ стр. 47

**80.** ОДЛУКА ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА МАНДАТ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ “ СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ С.КУЧЕВИШТЕ............ стр. 48

**81.** ЗАКЛУЧОК ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ “ СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” 2023/2024 ГОДИНА............ стр. 49

**82.** ЗАКЛУЧОК ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ И ИЗЛЕТИ ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА НА ООУ “АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ” с.САНДЕВО............ стр. 50

**83.** ЗАКЛУЧОК ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” С.КУЧЕВИШТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА............стр. 51